OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

За објавување веднаш

**Соопштение за јавност**

12 април 2012

## Охридска банка и ИФЦ потпишаа договор на 10 милиони ЕУР

**Охридска банка и ИФЦ потпишаа договор за кредит за финансирање на мали и средни претпријатија.**

Охридска банка, членка на Сосиете Женерал Групацијата обезбеди 10 милиони ЕУР кредит од ИФЦ, членка на Групацијата на Светска банка со што ќе се овозможи пристап за финансирање на малите и средни претпријатија. Преку соработката со ИФЦ, Охридска банка ќе ја зајакне кредитната поддршка за компаниите во Македонија и ќе придонесе кон забрзување на економската активност во земјата.

“Овој договор го консолидира нашето стратешко партнерство со ИФЦ” изјави Филип Котора, член на Управен одбор на Охридска банка. “Со кредитот од ИФЦ дополнително ќе ја збогатиме лепезата на извори на Охридска Банка за финансирање на правни лица. Тоа ќе ни овозможи да ја зајакнеме нашата кредитна поддршка за малите и средни претпријатија во Македонија кои и се спротивставуваат на кризата преку инвестирање во иднината”.

„Ние работиме со Охридска Банка и Сосиете Женерал за стабилизација на финансискиот и банкарскиот систем во регионот и за да се осигураме дека капиталот тече кон луѓето и бизнисите на кои им е потребен“, изјави К. Афтаб Ахмед, Директор во ИФЦ, Финансиски пазари, Европа и Централна Азија, Блискиот Исток и Северна Африка. „Нашиот кредит ќе го зголеми финансирањето за помалите компании, ќе генерира извоз и можности за вработување во државата“.

Средствата кои се одобрени на Охридска банка се наменети за финсирање на претпријатија преку систем на под-заеми и тоа за оние каде јавниот капитал, како и странскиот капитал не надминува 49% од вкупниот капитал на друштвото. Потенцијални корисници на под-заем се друштва кои исполнуваат најмалку два од следните критериуми: да немаат годишен обрт поголем од 15 милиони долари, да немаат актива поголема од 15 милиони долари и да немаат повеќе од 300 вработени.

Кредитите се наменети исклучиво за финансирање на инвестициони проекти - основни средства, при што најмногу 30% од под-заемот може да биде искористен за финансирање на обртни средства. Под-заемите ќе се одобруваат на износ помеѓу 10.000 УСД и 1.000.000 УСД по заем.

Охридска банка АД Охрид
Societe Generale Group
Македонски Просветители 19 6000
Охрид, Македонија
www.ob.com.mk
www.socgen.com

Дирекција за комуникации и
стратешки маркетинг
Светлана Штерјова
Тел: +389 (0)2 3203 732
Факс: +389 (0)2 3203 708
svetlana.sterjova@ob.com.mk

ЕМБС: 5004756
ЕДБ: МК4020995106987
Решение на Гувернерот на
НБРМ: бр. 7909 од 9.12.2008